АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА УСЛОВИ

ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРАТКИ-СТОКА
ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ ПРИ ПРЕВОЗ СО
ЖЕЛЕЗНИЦА, МОТОРНИ ВОЗИЛА
ИЛИ КОЛИ ВО ВНАТРЕШЕН ТРАНСПОРТ

Декември 2012 година

# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРАТКИ-СТОКА ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ ПРИ ПРЕВОЗ СО ЖЕЛЕЗНИЦА, МОТОРНИ ВОЗИЛА ИЛИ КОЛИ ВО ВНАТРЕШЕН ТРАНСПОРТ

1.Со осигурувањето се покриени сите штети кои настануваат на пратките за време траење на превозот поради вонредна надворешна причина како што се штети поради сообраќаен удес на превозното средство (судар, удар, превртување и сл.), елементарни непогоди (пожар, експлозија, гром и сл.) потоа разни оштетувања кои настануваат поради манипулирање на пратките како што се: кинење вреќи, кршење на амбалажа со растурање на содржината или течење, кршење и оштетување на осигурените предмети како и останатите штети поради транспортните ризици како што се делумна кражба, кражба и неиспорака на цели пакети, покиснување допир со други предмети и сл.

2. Од осигурувањето се исклучени штети кои ќе настанат поради:

- лоша намера или груб пропуст на осигуреникот и неговите работници.Оваа одредба не се однесува на лошата намера и грубата небрежност на лица кои постапиле противно на упатствата на осигуреникот, како ни штети кои се сторени од шпедитерите, возарите, складиштари и сл.
- природно својство или маана на пратката без делување на вонредни надворешни причини како што се: расипување, кало, смрзнување, угинување на живи животни и сл. освен во случаите ако е до тоа дојдено поради транспортни ризици или подолго траење на превозот од оноа што е во прописите дозволено.

3.Штети покриени со ова осигурување се надоместуваат без одбиток франшиза со исклучок на пратките нафта и нафтени деривати кај кои губитоците се надоместуваатпо одбиток на процентот прдвиден во ЦИМ – Конвенција и Законот за договорите за превоз во железнички сообраќај (Сл. лист на СФРЈ бр. 2/74)и дополнение на законот (Сл. лист на СФРЈ бр. 17/90 год.), односно во другите прописи кои ќе важат во моментот на настанување на штетата и пратки стакло, порцелан, и керамика односно пратки кои се пакувани во стаклена амбалажа, керамика кај кои се одбива процент од вредноста на пратката на име одбиток франшиза, согласно Тарифа за франшиза бр. 5.

4. Пратките се покриени од моментот кога ќе го поминат прагот од складиштето на испраќачот (стовариште, куќа) со цел на непосредно утоварување во превозно средство до пристигнувањето на пратката во складот на приемачот (стовариште, куќа) во определеното место.

5. Овие услови се применуваат во околу во полисата не е со посебни одредби нешто друго поинако договорено.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Постапка по приговори*

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос наобемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Втоpостепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

*Постапка по жалба*

Договорувачот, односно осигурениковто однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

*Решавање на спорови*

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.